

ИЗДАНИЕ БР.30, МЕСЕЦ
МАЈ 2021

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АМЕРИКАНСКИОТ СОВЕТ И YES АЛУМНИ СЕКОГАШ ПРОМОВИРАЛЕ РАЗНИ ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА. НА 29 ТИ АПРИЛ МЛАДИНЦИТЕ ОД KENEDI LUGAR РАЗМЕНА И УЧЕЊЕ НА АЛУМНИ, АНДОНИЈА ТОДОРОВА, ИГОР СТОЈКОВ И ДУРЕСА РУШИТИ, СО ГОЛЕМА ПОДДРШКА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, И СО УШТЕ 10 ВОЛОНТЕРИ СПРОВЕДОА ПРОЕКТ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ВИТАЧЕВО. ТИЕ СЕ НАДЕВААТ ДЕКА ЌЕ ГО НАМАЛАТ ЗАГАДУВАЊЕТО ВО ТАА ОБЛАСТ И ЌЕ ГИ ПОТТИКНАТ ЛУЃЕТО ДА ЈА ПРИФАТАТ ОВАА ПРАКТИТКА И ДА ГО НАПРАВАТ СВЕТОТ ПОДОБРО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ.






ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ ОД КАВАДАРЦИ, АСФАЛТИРАШЕ ПАРКИНГ ПРОСТОР НА УЛ.БЕЛАСИЦА И УЛ.ПРЕСПА СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 1400 МЕТРИ КВАДРАТНИ. СЕ АСФАЛТИРАШЕ СО АСФАЛТ АБ11 СО ДЕБЕЛИНА ОД 5 САНТИМЕТРИ.




# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕЛ ОД КОЛЕКТОРОТ НА УЛ. БЛАЖО АЛЕКСОВ ВО ДОЛЖИНА ОД 110 МЕТРИ И ДИЈАМЕТАР Ф600.




ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА ПРОЕКТОТ ЗА КРПЕЊЕ НА УДАРНИ ДУПКИ СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 2300 МЕТРИ КВАДРАТНИ, НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ И ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ РАЕЛИЗИРА ГРАДЕЖЕН ПРОЕКТ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА УЛ.„САВА КОВАЧЕВИЌ“.
СПОРЕД ПЛАНОТ ТРЕБА ДА СЕ ИЗВРШИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА СТАРИОТ ОШТЕТЕН АСФАЛТ, А НА НЕГОВО МЕСТО ДА СЕ ПОСТАВИ НОВА АСФАЛТНА ПОДЛОГА СО ДЕБЕЛИНА ОД 7 САНТИМЕТРИ.
ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ВО ДОЛЖИНА ОД 300 МЕТРИ КАДЕ ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА ПОВРШИНА ОД 1200 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ПРЕТХОДНО НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ ПОСТАВИ ЛИНИЈА ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО РЕШЕТКИ ЗА ЗАФАЌАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ. РАБОТИТЕ КОИ ЗАПОЧНАА ГИ ИЗВЕДУВА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ.





ГРАДЕЖНАТА ФИРМА "ИЗОЛАЦИЈА"- СКОПЈЕ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ КАКО И СО МЕСТЕЊЕ НА РАБНИЦИ НА ДВЕ СПОРЕДНИ УЛИЦИ НА УЛ. КИРО КРСТЕВ СПОЈ СО УЛ. КРСТЕ МИСИРКОВ. ДВЕТЕ УЛИЦИ СЕ СО ДОЛЖИНА ОД ПО 60 МЕТРИ И ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА СО ВКУПНА КВАДРАТУРА ОД 720М2.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА "ГРАДБА ПРОМЕТ" ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОЛОВОЗНА КОНСТРУКЦИЈА И ПРИПРЕМА ЗА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦА ЃУРО ЃАКОВИЌ - КРАК СПОЈ СО УЛИЦА ШИШКА СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 700 М2.





ЗАПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА ТРОТОАР НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР. ТРОТОАРОТ Е СО ШИРИНА ОД 2,5 МЕТРИ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ,ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРИ БЕЗБЕДНОСТА НА ПЕШАЦИТЕ И УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ РАЕЛИЗИРА ГРАДЕЖЕН ПРОЕКТ ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА УЛ.„САВА КОВАЧЕВИЌ".
БЕШЕ ПОСТАВЕНА НОВА АСФАЛТНА ПОДЛОГА СО ДЕБЕЛИНА ОД 7 САНТИМЕТРИ.
ПРОЕКТОТ ПРЕДВИДУВА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ВО ДОЛЖИНА ОД 300 МЕТРИ КАДЕ ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА ПОВРШИНА ОД 1800 МЕТРИ КВАДРАТНИ.
ПРЕТХОДНО НА ОВАА ДЕЛНИЦА СЕ ПОСТАВИ ЛИНИЈА ЗА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА СО РЕШЕТКИ ЗА ЗАФАЌАЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ. РАБОТИТЕ КОИ ЗАПОЧНАА ДЕНЕС ГИ ИЗВЕДУВА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ.





ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ" ОД КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НОВ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ВО ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ.
ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „22К -ЗАПАДЕН БУЛЕВАР" ГРАДЕЖНАТА МЕХАНИЗАЦИЈА РАБОТИ НА ПРОБИВАЊЕ НА СЕРВИСНА УЛИЦА.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ СЕ ПРОБИВА УЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 170 МЕТРИ НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО БУЛЕВАРОТ КАЈ „НОВАТА БЕНЗИНСКА" ДО ПОВЕЌЕТО СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ. ВО НАРЕДНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ РАБНИЦИ И ЌЕ СЕ АСФАЛТИРА КОЛОВОЗНАТА ЛЕНТА.
ПРОБИВАЊЕТО И УРБАНИЗАЦИЈАТА НА ОВАА СООБРАЌАЈНИЦА Е ДЕЛ ОД КОМУНАЛНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНАТА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ УСЛОВИ ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ НА ГРАДОТ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е МОНТАЖАТА НА ЈАВНИ ТОАЛЕТИ НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА. СЕ ПОСТАВУВААТ ЈАВНИ ТОАЛЕТИ НА ДВЕ ЛОКАЦИИ, ВО СТАРИОТ И ВО НОВИОТ ДЕЛ ОД ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА. ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 340 000 ДЕНАРИ.






ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО РАМКИТЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА, ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА НЕКОЛКУ ЛОКАЦИИ ВО УРБАНАТА ЗАЕДНИЦА „СЛОГА“. ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА ПОДГОТОВКА НА ПРОСТОРОТ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОТОАР НА УЛ. „НАРОДНИ ХЕРОИ“ СПРОТИ „ВАТАШКАТА ГРАДИНКА“.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО ДВОРНОТО МЕСТО НА ООУ СТРАШО ПИНЏУР КАВАДАРЦИ КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА 145 УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ФИНАНСИРАН ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.
СПОРТСКАТА САЛА Е СО ПОВРШИНА ОД 650М2, СЕ СОСТОИ ОД ДВЕ МЕЃУСЕБНО ПОВРЗАНИ СЕКЦИИ: СЕКЦИЈА НА ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ И СЕКЦИЈА НА ГЛАВЕН ПРОСТОР - ФИСКУЛТУРНА САЛА.

ПРОЕКТОТ ОПФАЌА ИЗГРАДБА НА СПОРТСКАТА САЛА И КОМПЛЕТНО ОПРЕМУВАЊЕ НА ИСТАТА СО ОПРЕМА И МЕБЕЛ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ.



ВО ПОСЛЕДНА ФАЗА Е РЕНОВИРАЊЕТО НА СОБЛЕКУВАЛНИТЕ НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО С.ВОЗАРЦИ. СЕ МЕНУВААТ ПРОЗОРИТЕ И ВРАТИТЕ ВО ВРЕДНОСТ ОД 150 000 ДЕНАРИ КАКО ДОНАЦИЈА ОД КОЖУВЧАНКА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА МОНТАЖАТА НА НОВИ 127 КЛУПИ И 84 КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ. НА УЛ.ИЛИНДЕНСКА ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ НОВИ КЛУПИ И КОРПИ ЗА ОТПАДОЦИ, ДЕЛ ОД НИВ ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ И ВО ГРАДСКИОТ ПАРК. СТАРИТЕ И ОШТЕТЕНИ КОРПИ И КЛУПИ ЌЕ СЕ ОБНОВАТ И ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НА МЕСТА КАДЕ ШТО НЕДОСТАСУВААТ КАКО И ВО ОКОЛНИТЕ СЕЛА.





ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПОСТАВУВАЊЕТО НА НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ НА УЛ. ЦРНОРЕЧКА И ВО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН. ОВОЈ ДОГОВОР ВКЛУЧУВА И МОНТАЖА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УШТЕ 7 ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА. СТАРИТЕ ИГРАЛИШТА ЌЕ СЕ РЕКОНСТРУИРААТ И ЌЕ СЕ ОБНОВАТ СО НОВИ РЕКВИЗИТИ И ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА НА НОВИ ЛОКАЦИИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛ.БИТОЛСКА, ВО ДОЛЖИНА ОД 100 МЕТРИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.






ОПЕРАТИВАТА НА ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ ЗАПОЧНА СО АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ."ЃУРО ЃАКОВИЌ" СПОЈ СО УЛ."ШИШКА", СО ПОВРШИНА ОД 700 МЕТРИ КВАДРАТНИ.

ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА ИЗОЛАЦИЈА ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА СПОРЕДНА УЛИЦА НА УЛ."КИРО КРСТЕВ" СПОЈ СО УЛ."КРСТЕ МИСИРКОВ". ОВОЈ ПРОЕКТ ОПФАЌА АСФАЛТИРАЊЕ НА УШТЕ ЕДЕН КРАЈ НА ИСТИТЕ УЛИЦИ СО ПОВРШИНА ОД 720 МЕТРИ КВАДРАТНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО С.БОХУЛА СЕ ИЗВРШИ ПРЕРЕДУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ БЕХАТОН КОЦКИ. БЕА ПРЕРЕДЕНИ 700 МЕТРИ КВАДРАТНИ СТАРИ БЕХАТОН КОЦКИ И 160 МЕТРИ КВАДРАТНИ НОВИ КОЦКИ. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА С.БОХУЛА.







СЕ ВРШИ ТАМПОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПАТОТ НА ВЛЕЗОТ НА БОШАВСКИ МАНАСТИР. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ИСКОПУВАЊЕ НА КАНАФКИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ НАБАВИ ТРИ КОМБИНИРАНИ ПАТНИЧКО ТОВАРНИ ВОЗИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПЕРАТИВНИТЕ СЕКТОРИ ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО. НАБАВКАТА НА ОВИЕ ВОЗИЛА Е СО ЦЕЛ ДА СЕ ПОДОБРИ ВОЗНИОТ ПАРК НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА НАВРЕМЕНО И ПРОФЕСИОНАЛНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ РАБОТИ. ВРЕДНОСТА НА НАБАВКАТА ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА Е 2,188 000 ДЕНАРИ.



. СЕ ВРШИ ЧИСТЕЊЕ НА ОДВОДЕН КАНАЛ НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ДО С.РОЖДЕН. ЧИСТЕЊЕТО ЗАПОЧНА ЗА ВРЕМЕ НА ВИКЕНДОТ И ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОВАА АКТИВНОСТ ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО ЧИСТЕЊЕ НА ПАТОТ ДО С.БОЈАНЧИШТЕ.



ТЕАТАРОТ ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ СО ЧЕТИРИ ГОЛЕМИ НАГРАДИ НА ДРАМСКИОТ АМАТЕРСКИ ФЕСТИВАЛ 2021 ВО КОЧАНИ:
НАГРАДА ЗА ГЛАВНА МАШКА УЛОГА: ВИДАН СТАНОЕВ КАКО НЕГРО ВО „НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ"
НАГРАДА ЗА НАЈДОБРА РЕЖИЈА: ДИМЕ КОЦЕВСКИ ЗА „НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ"
НАГРАДА ЗА НАЈДОБРА ПРЕТСТАВА ВО КАТЕГОРИЈАТА ТЕАТАР ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ: „АВАНТУРАТА НА ПРИНЦЕЗАТА ЛИЛИ" - СП. МИРА СТАНИШЕВ; РЕЖ. МИКИЦА ИЛОВА;
ГРАН ПРИ НАГРАДАТА „ВАСИЛ ЌОРТОШЕВ" СЕ ДОДЕЛУВА НА „НЕ СЕ КЛАДИ НА ЕНГЛЕЗИ" - СП. В. ЃУРЃЕВИЌ; РЕЖ. ДИМЕ КОЦЕВСКИ;
УШТЕ ЕДНАШ ЧЕСТИТКИ ДО НАШИТЕ КОЛЕГИ!






# ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА




ВО ПОСЕТА НА СОУ „КИРО СПАНЦОВ БРКО“ КАВАДАРЦИ БЕА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАВАДАРЦИ, МИТКО ЈАНЧЕВ И МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА МИЛА ЦАРОВСКА . ТИЕ ПРИСУСТВУВАА НА ОТВОРЕНИОТ ДЕН ШТО УЧИЛИШТЕТО ГО ОРГАНИЗИРА СО КОМПАНИИТЕ КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ДУАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, А ВО РАМКИ НА КАМПАЊАТА „УЧИ ПАМЕТНО - РАБОТИ СТРУЧНО“








НА 06.05.2021 ГОДИНА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ЗАПОЧНА ПОТПИШУВАЊЕТО НА ПРИСТАПНИЦИ ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО САШКО ГЕШОВСКИ. ПРВАТА ПРИСТАПНИЦА ЗА ЧЛЕНСТВО БЕШЕ ПОТПИШАНА ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. ПРИСТАПНИЦИ ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ПОТПИШАТ ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ТППЕ КАВАДАРЦИ. ДО СЕГА СЕ ПОТПИШАНИ ОКОЛУ 150 ПРИСТАПНИЦИ.






# НАСТАН

ПО ПОВОД 30ТИОТ РОДЕНДЕН НА НАВИВАЧКАТА ГРУПА ЛОЗАРИ ИСТОК НА 30ТИ МАЈ, СО ПОЧЕТОК ОД 22 ЧАСОТ СЕ ОСВЕТЛИ НЕБОТО НАД КАВАДАРЦИ СО СПЕКТАКУЛАРНО ПИРОТЕХНИЧКО ШОУ КАКВО ШТО ДОСЕГА НЕ Е ВИДЕНО ВО МАКЕДОНИЈА. НЕКОЛКУ МИНУТИ БЕШЕ СЕ ТИВКО, А ПОТОА СЕ "ЗАПАЛИ" ЦЕЛИОТ ГРАД ВО ЦРВЕНА БОЈА. СИТЕ СЕ РАДУВАА ВО ЕДЕН ЗДИВ, И МЛАДИ И СТАРИ. КАВАДАРЦИ СЛАВЕШЕ! СРЕЌЕН 30ТИ РОДЕНДЕН ЛОЗАРИ ИСТОК!









ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАВАДАРЦИ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ РИСТО САКАЛИЕВ, ОД ИМЕТО НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ НА СИТЕ ФИДБАЛЕРИ И УПРАВАТА НА ГФК ТИКВЕШ,ИМ ДОДЕЛИЈА БЛАГОДАРНИЦИ ЗА ГОЛЕМИОТ УСПЕХ, ЗА ПЛАСМАНОТ ВО НАЈЕЛИТНОТО ФУДБАЛСКО НАТПРЕВАРУВАЊЕ ПМФЛ.
САМО НАПРЕД МОМЦИ!









Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**